Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 368//0306
20.10 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 17.10.2025 година, врз основа на примена жалба од **Мартин Тасевски,** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Над 145 земји досега ја признаа Палестина, но Израел со децении го саботираше решението со две држави“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум СДК.мк (sdk.mk) на 22.09.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 23.09.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Над 145 земји досега ја признаа Палестина, но Израел со децении го саботираше решението со две држави“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум СДК.мк (sdk.mk) на 22.09.2025 г..

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека во насловот и во текстот се изнесени мислења прикриени како факти и дека „генерализација е еднострана и ја доведува јавноста во заблуда“:

„Написот премолчува дека во периодот 1948–1967 г. Западниот Брег беше под Јордан, а Газа под Египет, без да биде формирана палестинска држава... Израел во повеќе наврати прифатил или предложил решение за две држави (1947, Осло 1993, Камп Дејвид 2000, Олмерт 2008 и др.), додека арапските лидери најчесто ги одбивале тие понуди. Написот не го споменува овој факт, со што создава искривена слика“, се наведува меѓу другото во жалбата.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се наведува:

„Во врска со жалбата до СЕММ од Мартин Тасевски, редакцијата САКАМДАКАЖАМ.МК укажува дека оспорената содржина е вест пренесена од американскиот медиум „Си-Ен-Ен“ и дека тоа е јасно назначено во објавата...“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Над 145 земји досега ја признаа Палестина, но Израел со децении го саботираше решението со две држави“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум СДК.мк (sdk.mk) на 22.09.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е вест поврзана со најновиот развој на настаните во Израел и Палестинското прашање, по случувањата во Газа и признавањето на Палестина од страна на некои големи сили.

Комисијата оцени дека наводите на жалителот за тоа дека е невистина дека Израел со децении го саботирал можното решение за постигнување мир – преку основање две држави, е дадено во контекст на фактичката состојба за тоа дека над 145 земји досега ја признале Палестина како држава, но истовремено, дека е тешко да се дојде до решение за постоење две држави во рамките на територијата на Израел поради состојбата на терен. Односно, поради „повеќедецениското израелско саботирање на ова решение, со изградбата на еврејски населби на палестинската земја и со поткопувањето на Палестинската самоуправа, која управува со дел од територијата“, како што се наведува во веста.

Обработката на веста и насловот се автономна уредувачка политика се додека се пренесени точно елементите од оригиналната вест.

Од тука, имајќи предвид дека станува збор за вест, имајќи исто така предвид дека медиумот јасно го назначил изворот, Комисијата оцени дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во ниту еден член.

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595